Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 25.08.2020

На 24.08.2020 во 20.00 часот во Полициската станица Струмица, поради сомнение за сторено кривично дело „криумчарење" по член 278 од Кривичниот законик, бил приведен бугарскиот државјанин Г.С.К.(45). На магистралниот пат во близина на с.Сушица, струмичко, полициски службеници од СВР Струмица извршиле преглед на товарно возило „волво", кое го управувал Г.С.К., при што пронашле и одзеле 2000 кутии цигари. За настанот бил известен јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.08.2020 во 18.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен Аеродром-Скопје", полициски службеници го привеле Т.Е.(56) од Р.Турција бидејќи при пасошка контрола било констатирано дека се наоѓал на листата со мерка „апси" по барање на СВР Куманово. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 24.08.2020 во 17.30 часот на ул.„Анастас Митрев" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје извршиле преглед на Д.С.(20) од Скопје при што пронашле нож. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.08.2020 во СВР Тетово, М.Т.(42) од Тетово пријавила дека нејзиниот син А.Т.(19) се јавил и ја известил дека се наоѓа кај неговиот татко. Инаку, М.Т. на 14.08.2020 пријавила дека нејзиниот син се оддалечил од дома.

На 24.08.2020 во 14.50 часот било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар-Маврови Анови, во близина на Мавровска крстосница, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „опел корса" со штипски регистарски ознаки, управувано од В.М.(50) од Свети Николе и патничко моторно возило „ровер" со тетовски регистарски ознаки, управувано од И.Р.(47) од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот В.М., а со телесни повреди се здобиле сопатниците од истото возило Л.М.(37) и две деца на возраст од пет и три години, потоа возачот И.Р. и сопатничката од истото возило Р.Р.(43), констатирани во Медицинскиот центар Гостивар. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 24.08.2020 во 15.05 часот било пријавено дека во с.Страцин, кратовско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „голф" со регистарски таблици од Македонска Каменица, управувано од С.Ѓ.(23) од с.Саса-Македонска Каменица и патничко моторно возило „бмв" со тетовски регистарски ознаки, управувано од К.П.(47) од с.Мала Речица, тетовско. Во незгодата, на местото на настанот починал совозачот во возилото „голф", В.Ј. (53) од с.Костин Дол-Македонска Каменица, а додека со телесни повреди се здобиле С.Ѓ. и сопатниците од истото возило В.Ј.(50), Н.Ј.(20) и едногодишно дете, констатирани во Медицинскиот центар Куманово. Возачот К.П. бил пренесен во Здравствениот дом Кратово за укажување на лекарска помош. Извршен увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Кратово.

На 24.08.2020 во 20.30 часот било пријавено дека на патот Кичево-Гостивар, во правец на превој „Стража", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „сузуки" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.К.(74) од Скопје и патничко моторно возило „пежо 406" со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.И.(58) од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил А.И., а со телесни повреди се здобил Ј.К. и двајца сопатници од возилото "пежо" А.М. и Т.Б., констатирани во Медицинскиот Центар Кичево. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 24.08.2020 во 16.00 часот во Полициската станица Аеродром, В.Д.(53) од Скопје пријавила дека додека се движела под железничкиот мост со велосипед, била касната од куче скитник.

На 24.08.2020 во 16.10 часот во Полициската станица Гази Баба, Г.Д.(70) од Скопје пријавил дека на ул.„Лазар Поп Трајков" бил каснат од куче скитник.

Во текот на 24.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се 13 возила бидејќи биле нерегистрирани, 13 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, двајца поради поминување на крстосница на црвено светло и 47 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 24.08.2020 полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода К.С.(23) од Куманово затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. К.С. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.08.2020 во 18.05 часот, Р.Д.(78) од Скопје пријавила дека била измамена од едно лице за сума 1.400 евра и 30.000 денари. Според пријавеното, околу 10.00 часот од непознат број и се јавило лицето и и рекло дека нејзината ќерка и нејзиниот партнер предизвикале сообраќајна незгода во која било повредено едно лице-мигрант, а ќерка и била со тешки повреди. Исто така, според пријавеното, лицето и кажало дека требала да плати 25.000 евра за да ја спаси ќерка и од одговорност. Според пријавата, потоа тие се сретнале и му ги дала парите. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.08.2020 во 20.40 часот во СВР Скопје, А.С. пријавил дека на ул.„2" во Сарај пронашол залутано зрно. Повредени лица нема, а увид извршила екипа од СВР Скопје. Зрното е подигнато за понатамошна постапка.

На 23.08.2020 во Полициската станица Центар, В.Ѓ.(42) од Скопје пријавил дека во 18.00 часот на ул.„Тодор Александров" во Скопје бил физички нападнат од едно лице, а според пријавеното, причина за нападот била претходна вербална расправија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2020 во 00.05 часот, Б.И.(26) од Скопје пријавил дека на 24.08.2020 околу 23.15 часот во угостителски објект на ул.„Мирослав Крлежа" бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.08.2020 во 16.00 часот, А.Ш.(22) од Скопје пријавила дека околу 15.00 часот во с.Арачиново била физички нападната од Б.С.(33) од с.Арачиново. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.08.2020 во 16.23 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус на бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" во Скопје има починато лице. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека се работи за Ј.М.(59) од с.Биљановце, кумановско. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавенобвинителот телото било предадено на семејството.

На 24.08.2020 во Полициската станица Струга, С.Ј.(34) од Р.Албанија пријавил дека неговиот татко С.Ф.(60) се оддалечил од домот. Според пријавеното, С.Ф. остварил излез од Р.Албанија на 22.08.2020 и остварил влез во РС Македонија и до моментот на пријавување не се вратил во својот дом. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против М.К.(28) од с.Радолишта, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 02.03.2020 во кафе бар во с.Радолишта пријавениот со тврд предмет го нападнал Д.М.(55) од с.Радолишта и му нанел повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против Ј.К.(20) од Неготино поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материјали". На 28.04.2020 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Неготино, при што пронашле и одзеле пиштол, петарди, четири чаури и спреј.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против И.З.(58) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.03.2020 полициски службеници извршиле преглед над пријавениот на ул„11-ти Септември" во Кичево, при што пронашле 18 семки од растението „канабис сатива", а подоцна при претрес во неговиот дом пронашле семки од растението „канабис сатива" и кутија со 43 куршуми непознат калибар.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Е.Е.(21) и С.А.(22), двајцата од с.Долно Косврасти, дебарско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 13.08.2020 во с.Долно Косврасти пријавените организирале турнир во фудбал со што ја прекршиле забраната за одржување на спортски натпревари донесена од страна на Владата на РС Македонија за време на епидемија.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет